# Living the Lotus 11

## Buddhism in Everyday Life

2025
VOL. 242

### Overseas Members Cheerfully Participate in the 2025 Oeshiki-Ichijo Festival in Tokyo

















**Living the Lotus**
**Vol. 242 (Ноември 2025)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку,
Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: ливинг.тхе.лотус.рк-интернатионал
Жкосеи-каи.ор.јп
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот `ивот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Хармонија изведувана од секој
# Дел еден: Поделба и хармонија

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Ние човечките битија немаме друго место да одиме

После основањето на Ришо Косеи-каи, Основачот Никјо Нивано, чиј роденден ќе биде прославуван овој месец, постојано се молел за хармонија помеѓу човештвото и за светскиот мир , и кога тој имал осумдесет-и-осум години, истата возраст на која сум јас сега, тој зборуваше за неговата намера ‘да продолжи да живее таков вид на живот кој сам по себе е форма на правење донации кон другите луѓе.’

Сепак, во секое доба, постојат луѓе кои се жалат кога нештата не одат на нивен начин, ги мразат луѓето со кои не се сложуваат, и во корист на нивниот сопствен интерес, не се двоумат да ја нарушат хармонијата на групата, или да ги натепаат нивните противници, или дури да го поделат нивното оп штество или нивната земја. Посебно сега, гледајќи на реалноста која се расплетува насекаде низ светот, јас неможам а да не чувствувам дека нештата важни за човештвото се заборавени.

Првото од  тие важни нешта е принципот дека ние сите се причинуваме еден со друг да живееме и взаемно се поддржуваме еден со друг во средината на различни врски и односи.

Поранешниот Американски астронаут Русти Швеикарт, на чиј јавен говор јас присуствував пред некое време, рекол дека ‘кога еднаш човечкото битие ќе го искуси свемирот, тој неможе повеќе да биде истиот како претходно’. Јапанскиот астронаут Наоко Јамазаки го потврди ова преку опишување на убавината на Земјата, како што е видена од свемирот, и љубовта која таа ја почуствувала за тоа кога се вратила, исто како и нејзиното сознание дека ‘се на оваа Земја е одржувано од многу видови на рамнотежа’ и ‘заради тоа е така тажно кога луѓето се борат едни против други, заради тоа што кога се гледа од свемирот, Земјата е вистински еден вселенски брод’ (Чугаи Нипо, 27 Јануари, 2016).

Вали Шира, еден од Американските први астронаути, истакнал на нешто важно за кое треба да бидеме свесни сега: ‘Јас ја напуштив Земјата три пати и не најдов друго место да одам. Ве молам добро грижете се за Свемирскиот брод Земја.’ Кога ние се повредуваме еден со друг и ја уништуваме хармонијата, ние само го продолжуваме уништувањето на глобалниот еколошки природен поредок, ризикувајќи само-уништување на човештвото.

## Прифаќајќи во срцето 'Направи се себеси светло, направи ја Дармата твое светло'

Ако ние пратиме фотографии од Земјата видени од свемирот на политичарите околу светот и ги охрабриме нив да станат свесни од каде нашите животи доаѓаат и Законите на природата кои управуваат со нашите животи, зарем нема да биде премногу оптимистички да мислиме дека некои можат да заклучат 'Ова не е време за војна'? Тогаш, барем толку, тие од  нас кои ги проучуваат усчењата на Будата, и веќе ја научиле важноста на Земјата исто како и на учењата кои ни помагаат нас да избегнеме конфликт и поделба и да донесеме хармонија.

Нас ни е речено дека ако ние ја знаеме вистината дека сите нешта постојано се менуваат (непостојаност), дека сите нешта се издигнуваат преку причини и состојби, и дека ние постоиме во односи на взаемна зависност (несопство, празнина) и ако преку тие вистини ние се разбудиме кон чудото кое е нашите сопствени животи и кон благодарноста за животите кои ги примаме, тогаш ние нема да бидеме изгорени од огновите на лутина и алчност (спокојно згаснување). Основачот Нивано даде конкретен израз на ова спокојно згаснување кога напиша: 'Ние се грижиме еден за друг, покажуваме обзирност еден кон друг, ги земаме за рака тие кои заостануваат позади, позајмуваме сила на тие кои им недостига и, додека ја одржуваме нашата рамнотежа, чекориме заедно со нив. Ако цело човештво може да живее вака, ние би искусиле голем мир додека водиме динамични животи на креативност и напредок'. Ние треба да се надеваме и молиме дека ова ќе биде патот на не штата – дека ќе се ослониме на нашите сопствени умови (да се направиме себеси светло); да земеме засолниште во принципите на овој свет (да ја направиме  Дармата наше светло); да посегнеме и да им помогнеме на тие околу нас кои се борат со проблеми; да покажеме симпатија дури и за неволјите на луѓето со кои немаме директна поврзаност, и да практикуваме да правиме се што можеме за другите. Ние можеме да ги наречеме овие дела 'мирољубиви практикувања' на секоја личност која стреми кон свет на спокој.

Основачот Нивано исто така нé повикал да 'земеме иницијатива и да го отвориме прозорецот самите пред да се жалиме колку е темно во собата'. Тој продолжил понатаму да кажува, 'Зар не би требало ние кои ги имаме слушнато учењата на Шакјамуни да земеме иницијатива и да ги отвориме прозорите на срцата на луѓето? Ајде да ја држиме високо ламбата на Будините учења во темнината на незнаењето' – зборови кои никогаш не вибрирале помоќно отколку тоа што го прават  сега.

(Од *Косеи*, Ноември  2025)



# Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега

*Сокузе Доjо*

## Практикувајќи ги Четирите Подрачја на разбудување

Продолжувајќи од претходниот месец, ние сме одушевени да го споделиме следното издание на Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега од Др. Доминик Скаранцело, Меѓународниот Советник на Ришо Косеи-каи. Сокузе Дојо е инспириран од поглавје 21 на Лотос Сутрата и го пренесува принципот на ‘Медитацијата е Местото на Патот’ – увид дека секое место може да биде место на практикување. Ова учење топло нé потсетува дека ние можеме да ја живееме Дармата во нашите секојдневни животи – било дома, на работа, или на школо.



Др. Доминик Скаранцело

Мислите и склоностите на шраваките, пратјекабудите, бодисатвите, и будите исто се издигнуваат во умовите на обичните живи битија. Нашите умови, исто така, можат да функционираат како умовите на тие четири видови на мудреци.

Никјо Нивано, *Будизам за Денешно време*

Последниот пат, ние ги истражувавме шесте подрачја и научивме дека единствениот начин да се надминат нашите страдања и да се најде среќа е за нашите умови да се издигнат над тие подрачја на страдање (страдачки состојби на ум) и да се влезе во подрачјата на разбудување. Како што основачот на Ришо Косеи-каи Никјо Нивано подучувал, ние исто така можеме да развиеме умови како тие на четирите видови на Будистички мудреци затоа што секој од нас има семиња на разбудување во себе.

Подрачјата на разбудување се четири: подрачјето на шраваки, подрачјето на пратјекабуди, подрачјето на бодисатви, и подрачјето на буди. Тие Санскритски зборови можат да звучат непознати и тешки, но идеите не се комплицирани. Секое подрачје претставува различен начин на практикување на учењата на Будата. Шравака состојбата на ум е таа на студент или чирак – тој што ги учи Будините учења преку слушање на нив повторувачки, разгледувајќи ги нив постојано, и ставајќи ги нив во пракса со цел да достигне ослободување од страдање. Пратјекабудата состојба на ум бара да заврши страдањето и да достигне совршенство на карактерот преку искуствено учење – одење во светот и стекнување увид во Будините учења директно преку сопствени искуства. Бодисатва состојбата на ум е таа на активист – бодисатвите се ослободуваат себеси преку ставање на другите на прво место и посветувајќи се себеси кон ослободување на сите битија. Подрачјето на будите е спокојна состојба на апсолутно сочувство, целосно слободно од егоизам - човечкиот идеал.




Диаграм од десетте подрачја во еден ум, содржен во Даинихон Зоку Зокјо.

Во минатото, луѓето се расправале за тоа кој од првите три – шравака, пратјекабуда, или бодисатва – бил вистински подрачјето на тие кои ги практикувале Будините учења. Сепак, во Лотос Сутрата, Шакјамуни Буда го решил овој спор преку откривање дека сите живи битија се вродено бодисатви – идни буди во правење – и тој нé охрабрува нас да го прегрнеме нашиот ‘внатрешен бодисатва.’ Сепак секој од трите состојби на ум, Шакјамуни објаснува, го има неговото соодветно време и место, во зависност од човечките ситуации, способности, и разбирање на Дармата. Како што Основачот Нивано рекол:

‘Од перспективата на Будите, не постои разлика помеѓу шраваките, пратјекабудите, и бодисатвите; сите го чекорат патот кој води кон будаство’ (Каисо зуикан, том 3).

Со други зборови, шраваката, пратјекабуда, и бодисатва состојбите на ум сите нé носат поблиску до будаство. Во тој смисол, тие се не така темелно различни како што ние можеме да претпоставиме, ниту ние треба да гледаме од висина или да ги оцрнуваме било која од овие подрачја.

Фактички, кога ја практикуваме Лотос Сутрата, ние

можеме да ги доживееме сите четири видои на разбудување. Земете, на пример, хоза, животот и душата на Ришо Косеи-каи. Ние сме во подрачјето на шраваки кога ние слушаме внимателно кон свештеникот, хоза олеснувач, или санга членовите кои споделуваат во хоза, земајќи ги нивните зборови како Будина порака кон нас, запомнувајќи ги нив, и прегледувајќи ги нив така да ние не го заборавaме тоа што го имаме научено. Како што ние го применуваме тоа Дарма водство во нашите секојдневни животи и го осознаваме соодветниот начин да живееме преку нашето лично искуство, ние влегуваме во подрачјето на пратјекабудите. Кога ние се враќаме во хоза и им помагаме на другите преку споделување на жив доказа на ефективноста на Дармата, ние сме во подрачјето на бодисатвите. И во тие моменти во хоза кога ние го заборавaме цел егоизам и чувствуваме апсолутно сочуство за нашите пријатели санга членови, ние доаѓаме во подрачјето на будите.

Пред неколку години, јас слушнав свештеник кој изразува благодарност за сите тешкотии кои тие ги искусиле во животот затоа што секоја од тие страдања допринесла до носење на нив до таму каде што се тие денеска. Јас бев длабоко трогнат од тоа што го споделија. Слушајќи ја таа мудрост, ставајќи го тоа во меморија, и потсетувајќи се себеси на тоа често припаѓа на подрачјето на шраваките, како што употребувајќи ја таа мудрост да се практикува Вистината на Патот и да се надмине моето сопствено страдање. Покасно, кога животните случки открија како мината тешкотија има навистина водено кон разбудување или станува семе на среќа, јас се најдов себеси во подрачјето на пратјекабуди. И кога, инспириран од убедувањето дека секое искуство допринесува до разбудување, јас одговорив со трпение и нежност кон тешка личност – или дури направив екстра чекор на прегрнување на нив со сочуство – јас влегов во подрачјето на бодисатви. Јас неможам да претпоставам да речам дека јас го имам некога ш искусено апсолутното сочуство на буда, но јас верувам дека ова подрачје исто така може да се издигне во моето срце и ум.




Десетте Подрачја

# Теренски извештај од Самгхата



Поч. Др. Кјохеи Микава, Свештеник, Ришо Косеи-каи на Лос Ангелес

Еден ден, посветен член на мојата Лос Ангелес сангха дојде до мене и рече, ‘Јас не знам што ми се случува, но јас се чувствувам изгубен.’ Една недела покасно, ние седнавме да зборуваме. Тој сподели дека се чувстувал како да нешто недостига во неговиот живот и дека ова чувство почнало после на шата сангха изведена како панихида во неговиот дом за неговата скоро почината внука, што беше околу две недели пред денот коога тој ми пријде.

Додека јас го слушав и го прашував прашања така да јас можев да разберам што точно го прави него да се чувствува изгубено, тој рече, ‘Можеби јас мислев премногу за загубата на моите членови на фамилијата. Мојата внука скоро почина. Јас го изгубив мојот брат пред две години и моите вујковци две години пред тоа. Мојата мајка и сестра починаа дури порано. Но ти знаеш, нешто неверојатно се случи минатата недела кога јас бев во Дарма Центарот.’ Бивајќи љубопитен, јас реков, ‘Кажи ми повеќе.’

Тој одговори, ‘Кога јас седев во Лотос Сутра класот пред звучната бања меедитација прошлиот Четврток во нашиот Дарма Центар, еден од членовите зборуваше за пасусот од  Лотос Сутрата за Десетте Таквости и рецитираше: ‘таков потенцијал, таква функција, таква причина’. Слушајќи ги тие зборови ме направи да размислувам како ова учење е применливо во моите сопствени дела. Тогаш јас осознав дека јас сум дарежлива личност. Јас се потсетив на многу дела на љубезност кои ги имав заборавено – моменти кога јас донесов радост на другите и себеси. Оваа дарежлива природа, мојата доброта, е секогаш во мене.’

Сакајќи да знам како тој увид бил почуствуван од него, јас го прашав, ‘Како тоа те направи да се чувствуваш?’ Тој рече, ‘Јас бев обземен со радост. Јас се чувствував празно се до тогаш, но кога јас ја гушнав мојата сопствена љубезност, јас осознав дека мене не ми недостигаше ништо после се.’

Јас бев длабоко трогнат од ова примерно искуство на овој член на разбудување кон неговото вродено сочувство или будина природа. На почетокот, тој бил во шесте подрачја на страдање но наскоро го покажал неговиот стремеж да се издигне над нив преку доаѓање во Дарма Центарот за понатамошно учење и практикување. Тогаш во Лотос Сутра класот, тој ги слушнал учењата на Будата преку зборовите на друг сангха член – дело на шравака практикување. Ова го инспирирало него да го продлабочи само-разбирањето базирано на неговите сопствени искуства – дело на пратјекабуда практикување. Преку овој процес, тој се разбудил кон неговото сопствено сочувство, изразено во неговата великодушност – дело на бодисатва практикување. Оваа свесност го исполнила него со голема радост и направила да тој повторно го открие неговиот внатрешен буда.

Тој направил да неговата борба на чувствување изгубен биде суштински дел на неговото разбудување преку трансформирање на значењето на страдање. Неговото практикување продолжува дури и сега. Додека оваа пракса понатаму се развива во делење на радоста на учење со другите и слу шање на нивните страдања, тој ќе влезе во подрачјето на будите.

# Искажи ја својата благодарност за Будиното сочуство

## Комуницирајќи ги учењата е врвен пат

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Следното прашање е, како ние треба да го отплатиме нашиот долг на благодарност кон Шакјамуни Буда?

Ова, исто така, се сведува на практикувањето на великодушност, посебно најголемиот вид на великодушност – донирање на Дармата. Да се донира Дармата е да се споделат учењата изложени од Будата со многу луѓе и да се водат нив на Буда Патот така да тие вистински ќе можат да ги направат тие учења нивни сопствени.

Позајмувајќи ги зборовите на Сутрата на Неизмерни Значења, ние можеме да мислиме на возвраќање на добронамерноста на Шакјамуни преку донирање на Дармата како дело 'да се направи неразбудениот бодисатва да стреми кон разбудување.' Личноста со ум кој стреми кон разбудување се заветува да го бара просветлувањето на буда за себеси додека во исто време учејќи и трансформирајќи ги другите. Ние можеме да го наречеме ова самосвесноста дека некој е бодисатва.

Кога се работи за учењата на Будата, речено е дека тој изложувал толку многу како осумдесет-и-четири илјади порти кон Дармата. Сепак Лотос Сутрата е врвното, највозви шено учење, светата книга која ја открива Будината вистинска намера. Во поглавје 2, 'Ве шти методи,' Шакјамуни ни кажува, 'Од тие кои ќе ја слушнат Дармата / Никој нема да промаши да стане Буда.' Лотос Сутрата е учењето кое ги отвара очите на сите луѓе и ги води нив кон најголемата среќа.

Заради тоа ние можеме да кажеме со самодоверба дека споделувањето на учењата на Лотос Сутрата со што е можно повеќе луѓе е големиот начин на отплаќање на нашиот долг на благодарност кон Шакјамуни.

Во денешно време, најголемиот предизвик на човештвото се глобалните еколошки кризи. Ако ние не најдеме решение, се стравува дека и Земјата и човештвото можат да се соочат со уништување во не-така-далечна иднина. Тоа што најмногу може да го реши ова најмногу од се е ограничување на алчноста на луѓето во развиените земји. Оваа алчност - желбата да се биде повеќе материјално просперитетен и да се живее поудобно и попогодно – ги има донесено еколошките кризи со кои се соочуваме денеска.

Лотос Сутрата експлицитно подучува на воздржување од алчноста. Во поглавје 3, 'Парабола,' таа кажува, 'Кога алчноста и желбата се згаснати, / Страдањето нема потпора.'

И во поглавје 28, 'Охрабрување од бодисатвата Универзален Мудрец,' се вели за тие кои ја примаат и прегрнуваат Лотос Сутрата дека 'Тие ќе знаат како да бидат задоволни со неколку желби ќе бидат способни да ги култивираат практикувањата на Универзалниот Мудрец.'

Реализирајќи го згаснувањето на алчноста и живеејќи со задоволство со само неколку желби е – да употребиме фраза од Лотос Сутрата – 'Едната голема причина' која ќе ја спаси земјата и човештвото од уништување.

Во овој смисол исто така, Лотос Сутрата е голем водечки принцип за водење на цело човештво кон среќа. Заради тоа, да се подучува и шири тоа е вистински врвниот начин да се отплати нашиот долг на благодарност кон Шакјамуни Буда. Во поглавје 22 'Доверување' тоа експлицитно кажува дека тие кои ја изнесуваат Сутрата за луѓето и ги водат нив кон вистинската Дарма 'имаат одговорено со љубезност на великодушноста на будите.'



# Rissho Kosei-kai International

## Make Every Encounter Matter




## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

✉ Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp